Даниела Штерјова (28.06.1966) средното образование го заврши во СУГС „Орце Николов“, Скопје. Високото образование го стекна на Фелилошкиот факултет- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Катедра за англиски јазик и книжевност со звање: професор и преведувач по англиски јазик со македонски јазик. Усовршувањето на англискиот јазик го завршува во Лондон, Велика Британија.

Своето работно искуство го започнува како професор по англиски јазик во Работнички Универзитет „Кочо Рацин“, Скопје. Во 1992 год. се вработува во ООУ„Петар  Поп Арсов“ (тогашно ОУ„Иван Горан Ковачиќ“) на позиција наставник по англиски јазик. Во текот на својот работен наставнички стаж зема учество на голем број на обуку, семинари, проекти и конференции од национален и меѓународен карактер. Како наставник по англиски јазик реализира плодна соработка со МОН, Биро за развој на образованието, Државниот Испитен Центар и други релевантни институции како стручен соработник за изработка на образовни стандарди за предметот англиски јазик, член на Комисија за полагање на приправнички испит за наставници по англиски јазик, член на рецензентска Комисија за вреднување на учебници по англиски јазик за основно образование, оценувач за проверка и оценување на екстерниот испит од државната матура по наставниот предмет англиски јазик и сл.

Во јуни 2023 назначена е за директор на ООУ „Петар Поп Арсов“, Скопје.

